Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-470/2
__________ година
05-09-2023

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–470/1 од 21.08.2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-470/1 од 21.08.2023 година, поднесена од [redacted] **поради ненадлежност.**

Образложение

Подносителот [redacted] во претставката наведува дека на 17.08.2023 година била повикана од страна на [redacted] на Јавна установа Младински културен центар, [redacted] на заканувачки разговор со непознати лица за нејзини лични ставови кои јавно ги изнела, а се однесувале на можни криминални дејствија во институцијата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека опишаниот настан согласно изнесените факти и околности претпоставува можно противправно дејство кое не претставува дискриминација во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, туку претпоставува можно кривично дело. Имено, согласно член 6 од горенаведениот закон, „дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.". Оттука, Комисијата утврди дека за наведениот настан е предвидена постапка за заштита во надлежност на друг државен орган, имено Министерството за внатрешни работи или Основното јавно обвинителство. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
- [redacted]
- *Архива на Комисијата*